РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1228/1
16-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2492/1 од 16.09.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости во постапка за прекин на работен ангажман на наставник во ООУ /// – с. ///, ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи – Државниот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд кои констатирале дека наводите не се потврдуваат.

Предметот со број 12-2492/1 од 16.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 16.09.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапка за прекин на работен ангажман на наставник во ООУ /// – с. ///, /// и оформен е предмет број 12-2492/1 од 16.09.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости во постапка за прекин на работниот ангажман на лицето /// во ООУ /// – с. ///, ///, каде ова лице наводно било ангажирано како наставник.
Според наведеното во пријавата, работниот ангажман на наставникот /// бил прекинат на 04.09.2025 година, а подносителот на пријавата чинот го квалификува како неправеден, непрофесионален и мотивиран од политички интереси на директорката на училиштето /// и градоначалникот на Општина ///.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување податоци и информации до Државниот просветен инспекторат.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Во врска со пријавениот случај постапувал Државниот просветен инспекторат, каде на 12.09.2025 година бил оформен предмет, по што на 30.09.2025 година од страна на Државниот просветен инспекторат – /// бил извршен инспекциски надзор над субјектот ООУ /// – с. ///, /// при кој бил составен Записник бр. /// од /// година во кој е утврдено дека ///, дипломиран ликовен педагог на Факултетот за /// при /// и магистер по сликарство, во ООУ /// – с. ///, /// бил ангажиран во два наврати: врз основа на договор бр. ///, за работа на определено работно време за периодот од 02.09.2024 година до 30.11.2024 година, и врз основа на договор бр.///, за работа на определено работно време за периодот од 13.02.2025 година до 31.08.2025 година. Во однос на наводите за прекин на неговиот работен ангажман во септември 2025 година, Државниот просветен инспекторат констатирал дека истите се неосновани од причина што било утврдено дека договорот за работа бил истечен. Дополнително, по добиена согласност од градоначалникот на Општина ///, за вработување на определено време – старо финансирање за учебната 2025/26 година на наставник по /// образование за 6 часа на /// наставен јазик и наставник по /// (прво полугодие) за 4 часа на /// наставен јазик, во постапка за вработување по основ на итни и неодложни работи согласно член 9 став 4 од Законот за наставници и стручни соработници, за часовите по /// образование и по ///, врз основа на договор за работа на определено време за периодот од 01.09.2025 година до 30.11.2025 година, било ангажирано лицето ///, дипломиран педагог по ликовна уметност – Графика на Факултетот за /// при ///.
Освен Државниот просветен инспекторат, во врска со случајот веќе постапувал и Државниот инспекторат за труд, каде на 03.09.2025 година била доставена претставка, по што на 05.09.2025 година и на 16.09.2025 година од страна на Државиот инспекторат за труд ПЕ /// над субјектот ООУ /// – с. ///, /// бил извршен вонреден инспекциски надзор при кој бил составен Записник бр./// од /// година во кој е утврдено дека договорот бр./// од /// година за ангажман на /// во ООУ /// – с. ///, /// не бил откажан од ниту една од договорните страни, туку истекол на 01.09.2025 година, поради што лицето било одјавено од задолжително социјално осигурување. Следствено, во однос на случајот, Државниот инспекторат за труд не утврдил неправилности.

Имајќи ја предвид фактичката состојба утврдена од Државниот просветен инспекторат и фактичката состојба утврдена од Државниот инспекторат за труд, како и

констатациите содржани во Записникот бр./// од /// година на Државниот просветен инспекторат и во Записникот бр. /// од /// година на Државниот инспекторат за труд, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи кои не утврдиле неправилности и констатирале дека наводите не се потврдуваат.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

